# СУПЕРФЛУИД-М1М

*Суперпластификатор за бетони и малери, со висок степен на редукција на вода и одржувач на конзистенција до 3 часа*
*Одговара на: EN 934-2 (Tabela 11.1 i 11.2), ASTM C494 type G, BS 5075 part 3*

## Област на примена:

За бетони каде е потребно да се редуцира количината на вода за да се постигнат поголеми јакости, а истовремено да се овозможи и одржување на конзистенцијата од 120 до 180 минути, се користи за бетонирање масивни бетонски пресеци (брани, потпорни ѕидови, фундаменти), со што се елиминира опасноста од негативните ефекти од зголемената егзотермија, за бетони каде е потребно ревибрирање и лиени бетони, за бетонирање при високи температури, за бетони каде што се бараат посебни услови на квалитет (зголемена отпорност на абење, на абразија, на агресивни средини, зголемена водонепропустност, отпорност на мраз и др.).

## Својства:

- Редукција на вода до 18%;
- Одржување на конзистенција до 3 часа;
- Ја подобрува компактноста на бетонот;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Овозможува ревибрирање на бетонските мешавини;
- Ги зголемува почетните и крајните јакости на бетонот;
- Ја зголемува водонепропустноста на бетонот;
- Овозможува подобра финална површинска обработка на бетонските површини;
- Не содржи хлориди;

Редукција на вода
согласно EN 480-1 и EN 934-2, Табела 11.1




Одржување на конзистенција
согласно EN 480-1 и EN 934-2, Табела 11.2




## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Нафталин - лигно сулфонат |
| Изглед: | Кафена течност |
| Сува материја: | 31,0±1,5% |
| Запреминска маса: | 1,130±0,03 гр/см$^3$ |
| Содржина на хлориди: | нема |
| Содржина на алкалии: | <4,0% |
| pH-фактор: | 7,5±1,0 |

## Дозирање:

Оптималната дозажа на Суперфлуид-М1М најдобро се одредува со претходни проби.
Се дозира 0,8-2,0% во однос на масата на цементот. Додавањето на адитивот се врши рачно или машински. Најдобри резултати се постигнуваат кога Суперфлуид-М1М се додава во водата потребна за припремање на бетонот. Времето на мешање на свежиот бетон со адитивот, треба да се продолжи за 50-100% во однос на времето потребно за мешање на бетонот без адитив.

## Ефект од предозирање:

Зголемената доза може значително да го одложи времето на врзување на бетонот. Тоа посебно се манифестира при употреба портланд цементи со додатоци.

## Компатибилност:

Суперфлуид-М1М е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ, освен со адитивите на поликарбоксилатна основа. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред дозирањето во бетонската мешавина.
Суперфлуид-М1М е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## Пакување:

пластични канти: 5, 12, 25 и 60 кг.
метални буриња: 240 кг.
контејнери: 1200 кг.

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравје:
Суперфлуид-М1М не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар:
Суперфлуид-М1М е незапалива течност
Чистење и депонирање:
Чистењето на остатоци од Суперфлуид-М1М е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*